Согласно Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Неготино, а во соработка со локалната самоуправа,  на 10.05.2014 (сабота) во ООУ Страшо Пинџур во нашиот град ќе се одржи регионалниот натпревар ,, Детски семафор ,, на кој учество ќе земат екипи од Неготино, Велес, Кавадарци и Д. Капија  кои покажаа пак најдобри резултати на предходно одржаните општински натпревари. Учество ќе земат по 3 екипи составени од по 6 натпреварувачи  од 4,5 и 6-то одделение, како и по двајца натпреварувачи од 7,8 и 9-то одделение.Пригодните награди-пехарите за екипен пласман, признанијата и благодарниците за учесниците ги обезбедува Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.